# Странските граѓани и социјално здравствените услуги

## ИНФОРМАТИВЕН ПРИРАЧНИК

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Присуството на странски граѓани во провинцијата на Пјаченца се зголемува во последните години. Најновите податоци покажуваат бројка од околу 15.000 луѓе припадници на стотина различни нации. Се работи за многу важен феномен карактеризиран од прилагодување во социјалното живеење на оваа територија.
За да се зајакнат проектите за прифаќање, размена и споредба меѓу разните култури, Јавната администрација во соработка со разните видови на волонтерски здруженија отпочнаа повеќе иницијативи.
Еден од веќе одобрените проекти на Провинцијата на Пјаченца заедно со Општина Пјаченца, Фиоренцуола, Кастел Сан Џовани и Бобио, а подржан и од регионот на Емилија-Романња има цел да создаде информативен систем наменет на странските граѓани. Неколку весници и локални телевизии во последните месеци имаат започнато со рубриката на мултиетничката новинарска редакција составена од новинари од повеќе земји, насловена како Асоцијација Коинè.
Истотака, се смета за важно реализацијата на прирачници на различни јазици за да се потпомогне запознавањето и пристапот на услуги, а особено за новодојдените странци.
Благодарение на соработката со Здравствениот Завод за заштита на Пјаченца се направи оваа информативна пропаганда преведена на 9. јазици, наменета за сите странски фамилии, жители во Провинцијата.
Да се надеваме дека може да претстави корисен инструмент за подобро да се разберат кои се услугите и социјално-здравствените интервенции, каде да се обратат луѓето, кои документи и постапки се потребни итн.
Правото на здравство е почетна фондаментална точка за една интегрирана заедница и се грижи за сите лица кои живеат на нејзината територија.

L'assessore ai servizi sociali della Provincia
Vittorio Anelli
Il direttore dell'Azienda Usl di Piacenza
Francesco Ripa di Meana
L'assessore ai servizi sociali del Comune di Piacenza
Leonardo Mazzoli

# Provincia di Piacenza
# i *Distretti Sanitari*



# УРГЕНТНА ХИТНА ПОМОШ

На граѓанинот кој се наоѓа во ситуација на хитна помош, Болницата гарантира соодветен одговор на неговите потреби. Преодот на “Брза помош-Хитна помош” е активиран на следниот начин:
телефонски повикувајќи го бројот 118,
непосреден директен пристап до најблиското седиште на брза помош или
на повик од фамилијарниот лекар или проследено со дежурен лекар.

## Телефонски повик на 118

Телефонската услуга на 118 е координирана од оперативната централа која гарантира доаѓање на амбулантска кола на брза помош во најбрзо возможно време. Оперативната централа е поврзана со амбулантските коли и со територијалните и регионалните седишта на брза помош. Операторот на централа кој ги прима телефонските повици, ги оценува врз основа на расположливите информации и опасноста во случајот, за потоа да испрати соодветно средство за транспорт.

## Директен пристап во седиштата на Брза помош

На секој пациент кој ќе се обрати на Брза помош ќе му биде определено од медицинската сестра пристапна ознака со боите црвена, жолта, зелена и бела со кои се означува опасноста за случајот.

# ДЕЖУРНА МЕДИЦИНСКА СЛУЖБА

Услугата на дежурната медицинска служба ги гарантира домашните ноќни, празнични и послепразнични посети. Услугата започнува од 20.00 ч. навечер до 8.00 ч. (следното утро) во сите работни денови и од 08.00 ч. наутро во сабота до 08.00 ч. наутро во понеделник или во сите наредни празнични денови. Услугата од дежурната медицинска служба може да се побара телефонски ѝ е бесплатна.

## Телефонски бреви на Дежурните медицински служби

- Borgonovo, Castel San Giovanni, Ziano, Vicobarone, Sarmato, Creta **0523.862070**
- Pianello, Nibbiano, Pecorara, Caminata **0523.998865**
- San Nicolò, Rottofreno, Calendasco, Gragnano, Agazzano Gazzola, Piozzano **0523.768509**
- Piacenza, Gossolengo **0523.302224**
- Podenzano, San Giorgio, Vigolzone **0523.556127**
- Lugagnano, Vernasca, Castell'Arquato **0523.891297**
- Carpaneto, Gropparello, Pontenure **0523.850328**
- Monticelli, Caorso, Castelvetro, Villanova, San Pietro in Cerro **0523.815925**
- Bettola, Pontedell'Olio **0523.917520**
- Bobbio **0523.932079**
- Travo, Coli, Rivergaro, Perino **0523.950368**
- Fiorenzuola, Alseno, Cadeo, Cortemaggiore, Besenzone **0523.241010**
- Ottone, Zerba, Cerignale **0523.930289**
- Farini **0523.910160**
- Ferriere **0523.922902**
- Morfasso **0523.908248**

# БОЛНИЦИ

Болница во Пјаченца
Via Taverna, 49 Piacenza
Тел.централа 0523.301111 фах 0523.302690
Брза помош 0523.303039
Канцеларија за односи со јавноста
на Полихирургија, I спрат тел. 0523.303123 фах 0523.303122
Понудува услуга од преведувачко-медијацијска активност секој четврток од 16.00 ч. до 19.00 ч.

Болница во Фиоренцуола д'Арда
Via Roma Тел.централа 0523.9890
Брза помош 0523.989600
Канцеларија за односи со јавноста
тел. 0523.989620 фах 0523.989914

Болнички завод во Кортемаџоре
Via Libertà, Cortemaggiore Тел.централа 0523.832811

Болница во Виланова д'Арда
Via Alighieri,1 Villanova d'Arda
Тел.централа 0523.833811

Болница во Кастел Сан Џовани
Viale 2.Giugno, Castel San Giovanni
Тел.централа 0523.880111
Брза помош 0523.880113 - 0523.882978
Канцеларија за односи со јавноста
тел. 0523.880131

Болница во Боргоново Вал Тидоне
Via Seminò,20 Borgonovo Val TIdone
Тел.централа 0523.846211

Болница во Бобио
Via Garibaldi,1 - Bobbio
Тел.централа 0523.962111
Брза помош 0523.962213 - 0523.962249
Канцеларија за односи со јавноста
тел. 0523.96220 - 0523.962234 фах 0523.962259

# УПИС ВО ЗДРАВСТВЕНАТА СЛУЖБА

Државната здравствена служба е структура на услуги (болници, амбуланти...) кои осигуруваат заштита на здравјето и здравствена помош на сите граѓани, италијани и странци кои поседуваат регуларни документи со работен или фамилијарен престој.

## Задолжителен  упис

Уписот во Државната здравствена служба е задолжителна во услови ако емигрантот е запишан на листата во Бирото за вработување,ако има поднесено барање за продолжување на престојот, ако побарал престој во Италија за работа, ако емигрантот е регуларно вработен, ако регуларно престојува,ама моментално е невработен, фамилијарни мотиви,политички азил, постапка на посвојување, барање за државјанство.
За да се користи државната здраствена служба потребно е да се извади здраствена книшка.

Каде може да се извади: во Здравствениот Завод на Пјаченца corso Vittorio Emanuele I I, n.169, на I I спрат.

Потребни документи за добивање на здраствена книшка се:
- документ за престој,
- фискален код,
- потврда за живеалиште, ако ја нема потврдата може и автопотврдување за домашната адреса,
- потврда од фирмата каде работи, ако постои работен однос.

Носителот на здравствената книшка ги има следните права:
- да има фамилијарен лекар или педијатар за децата,
- специјалистички услуги со плаќање на тикет,
- болнички бесплатен престој  во државните и конвенционалните болници.

Здраствената заштита важи и за членовите на фамилијата кои регуларно  престојуваат.

# ФАКУЛТАТИВНО ЗАПИШУВАЊЕ

**А.** Останатите странци со регуларен престој (за студирање, со религиозни мотиви и др.) имаат можност да се запишат во Државната здравствена служба со плаќање на годишна такса која трае една календарска година: се препорачува уписот да се обави на почетокот на годината во Локалната здравствена служба на Пјаченца.
Б. Граѓаните со регуларен престој кои не се запишани ги плаќат тарифите на побараните здраствени услуги (дури и на ургентните болнички потреби).

Емигрантите без престој за да побарат здравствени услуги потребно е да извадат од Локалната здравствена служба здравствена книшка на т.н. странец со привремен престој.

Во тој случај се загарантирани следните хитни и основни потреби:
- бременост и мајчинство,
- здравствени услуги во детска возраст (вакцинации и профилакса),
- SERT (интервенти услуги за наркозависници), алкохол,
- заразни болести по сексуален пат, СИДА и др.
- здравствени услуги при ментални заболувања.

Забелешка: користењето на здравствени услуги од страна на странци без престој не носи ризик за пријавување во полиција од страна на здравствените работници.

# ИЗБОР НА ФАМИЛИЈАРЕН ЛЕКАР ИЛИ ПЕДИЈАТАР

Со здравствената книшка се има право на избор на фамилијарен лекар (лекар по општа медицина) или педијатар (педијатар по слободен избор).
За децата со возраст  до 6 год. е задолжителен изборот на педијатар.
Ако на територијата на резиденција нема педијатар, тогаш здравствените услуги ги гарантира фамилијарниот лекар.
Децата на возраст од 6 до 14 год. можат да имаат педијатар или фамилијарен лекар.
Децата во пубертет од 14 до 16 год.,поради посебни оправдани причини можат да продолжат со здравствени услуги од педијатарот.

## Numero verde 800 033 033

Активен е од 08.30 ч. до 17.30 ч. во работни денови и од 08.30 ч. до 13.30 ч. во сабота, услугата е бесплатна повикувајќи од домашен или мобилен телефон.Понудува јасни, дополнети и по можност покомплетни информации за поупростен пристап до здравствената заштита на Регионалната здравствена служба.

# ЗДРАВСТВЕНИОТ ЗАВОД

Здравствениот Завод воведе точки за поупростен пристап, единствениот шалтер, за да им се загарантира на граѓаните можности за пристап на здравствените услуги.

Загарантирани се услугите од единствениот шалтер:

- закажување на специјалистички прегледи, дијагностички и лабораториски испитувања,
- наплата на тикет - такса,
- упис во Државната здравствена заштита и избор или откажување на фамилијарен лекар или педијатар по слободен избор,
- издавање на потврди за ослободување од патологија,
- издавање на формулари за здравствена заштита во странство (Е111 - Е128),
- одобрува набавка на дијабетски артикли (шприц - игли, траки и сл.),
- одобрува набавка на дијабетски производи за специфична типологија на корисници.

# СЕДИШТА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ШАЛТЕР ЗА ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

Пјаченца
corso Vittorio Emanuele II, n.169 тел. 0523.358771 - 0523.358816
На располагање е услуга од преведувачко-медијацијска активност (преведувач) секој четврток од 15.00 ч. до 17.45 ч.
Седиште на Полихирургија Cantone del Cristo, I спрат
тел. 0523.303042
Поденцано Via Cesare Battisti, n.169 тел. 0523.358502
Понте дел'Олио Via V. Veneto, n.78 тел. 0523.875316

# СЕДИШТА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ШАЛТЕР ЗА ВАЛ Д'АРДА

Фиоренцуола д'Арда Via Roma, n.37 тел. 0523.989716
Via Roma,n.37 кај Болницата тел. 0523.989661
Кортемаџоре Via Fiume, тел. 0523.839742
Монтичели д'Онѓина Via Galimberti, тел. 0523.815902
Лугањано Вал д'Арда Via Bressani, тел. 0523.892090
Карпането Пјачентино Via Gonfalonieri, тел. 0523.850926

# СЕДИШТА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ШАЛТЕР ЗА ВАЛ ТИДОНЕ

Кастел Сан Џовани Via G.Bruno,n. 2 тел. 0523.880518
Viale 2 Giugno, n. 2 кај Болницата (за наплаќање на тикет) тел. 0523.880102
Боргоново Вал Тидоне Via Seminò, 20 тел. 0523.846234
Сан Николо' Via XXV Aprile кај Полиамбулантата тел. 0523.761356

# СЕДИШТА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ШАЛТЕР ЗА ПЛАНИНА

Бобио Via Garibaldi, n.1 тел. 0523.962203
Отоне farmacia dott.Leonardi, piazza Vittoria,n.6 тел. 0523.930121
Бетола Via Circonvallazione,n.17 тел. 0523.917731

# ЗАБОЛЕКАРСКИ АМБУЛАНТИ

Заболекарска амбуланта Пјаченца
тел. 0523.358789 corso Vittorio Emanuele II, n.169, I спрат
Работно време: од понеделник до сабота од 08.00 ч. до 12.30 ч.,а четврток со непрекинато работно време од 08.00 ч. до 17.45 ч.
Заболекарска амбуланта Фиоренцуола д'Арда
Via Roma, n.37 кај Болницата тел. 0523.989661
Работно време: од понеделник до петок од 08.00 ч. до 12.30 ч., сабота од 08.00 ч. до 12.00 ч.
Заболекарска амбуланта Кастел Сан Џовани
Viale 2 Giugno,n.2 кај Болницата тел. 0523.880102
Работно време: вторник и четврток од 08.30 ч. до 12.30 ч., сабота од 08.00 ч. до 12.00 ч.

## АМБУЛАНТА ЗА СТРАНЦИ ЗА ПРЕВЕНТИВНА ХИГИЕНА

Via Alberoni,102 I I спрат, секој четврток од 17.00 ч. до 18.00 ч.

## АМБУЛАНТА ЗА ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ

На одделот за инфективни болести тел. 0523.30365 - 0523.303730
Работно време: среда од 08.30 ч. до 10.50 ч.,петок од 14.30 ч. до 15.30 ч.

## КОЈ ДАРУВА КРВ, ДАВА ЖИВОТ

еден солидарен гест од странските граѓани

За попрецизни информации обратете се на:
Одделот за имунохематологија и трансфузиологија
при Болницата во Пјаченца
Via Taverna, n.49 тел. 0523.302395 0523.302276 0523.302986 0523.302361

AVIS Provinciale di Piacenza при Болницата во Пјаченца
Via Taverna, n.49 тел. 0523.336620

AVIS Comunale di Piacenza
Via Campagna, n.39 тел. 0523.499782

# ПОСВЕТЕНО ЗА ЖЕНИТЕ

На плоштадот Торино бр.5 и 7 е отворен Центар за здравје на жената каде преку единствениот информативен пункт, единствениот пункт за прифаќање и централизираниот дијагностичко-терапеутски пристап може да се најдат следните услуги посветени на жената:

- мамографија(превентивно контрасно снимање на градите за рано откривање на заболувања),
- сенолошки центар,
- специјалистичка полифункционална амбуланта,
- снимање на вратот на матката,
- центар за колпоскопија (ендоскопско иследување на матката),
- амбуланта со ехографија,
- амбуланта за следење на бременост,
- мултидисциплинарна амбуланта за следење на климактериум,
- советувалиште.

## МАМОГРАФИЈА

Мамографијата е радиолошко испитување кое може да ја намали смртноста од рак на градите. Капацитетот за откривање на рак на градите е поголем од 90%.

## ПАП ТЕСТ

Станува збор за испитување за превенција на тумори на вратот на матката и се однесува за жените на возраст од 25 до 65 години.

## МЕНОПАУЗА

Под менопауза се подразбира периодот од престанокот на менструалниот циклус. Тој процес е прогресивен,може да се случи во текот на краток период или да трае со години. Престанокот на менструацијата е само еден од знаците на менопаузата. Недостатокот на создавање на женските хормони ја пореметува рамнотежата што владее во текот на фертилниот период, предизвикувајќи пореметувања и нерасположеност.
Менопаузата претставува деликатна фаза во животот,поради тоа еден преглед годишно е неопходен за да се установи здравствената состојба и да се подобри квалитетот на живот.

## ЗАШТИТА (ТУТЕЛА) НА МАЈКИТЕ

Според италијанскиот закон, жената од почетокот на бременоста до првата година на детето не смее да биде отпуштена од работа. Задолжителното породилно боледување се гарантира во последните 2 месеци од бременоста и првите 3 месеци по раѓањето на детето. Во текот на тој период мајката има право на плата.
За информации обратете се во седиштата на фамилијарните советувалишта.

# ФАМИЛИЈАРНИ СОВЕТУВАЛИШТА

Во секој Здравствен завод постојат фамилијарни советувалишта, законски поставени за да асистираат бесплатно на сите бремени жени, па дури и да немаат регуларен престој и нивните деца сè додека се во малолетна возраст. Услугата е бесплатна и може да се направи,закажувајќи си средба во советувалиштето. Не е потребен упат од фамилијарниот лекар. Во фамилијарните советувалишта во Пјаченца и реонот може да се добијат информации за следното:
- фамилијарно посредување;
- асистенција и советување за бракоразводни проблематики,лош домашен третман и фамилијарни прекршоци;
- информации во врска со посвојување и догледување на деца.

## Советувалишта посветени на жената и здравјето во градско подрачје

Пјаченца Via Locati, n.3 тел. 0523.358109 - 0523.358102
Galleria del Sole,la Farnesiana тел. 0523.570136
Поденцано Via Cesare Battisti, n.1 тел. 0523.358504

Оддел на неуропсихијатрија и психологија во развојна возраст - рехабилитација
Тел.централа за прифаќање тел. 0523.302070 - 0523.302075
corso Vittorio Emanuele II, n.163 a - Piacenza

### Советувалишта посветени на жената и здравјето во Вал д'Арда

Фиоренцуола д'Арда Via Scapuzzi,n. 12 тел. 0523.987209
Кортемаџоре Via Fiume, тел. 0523.836894
Карпането Пјачентино Via Marconi, тел. 0523.859383
Лугањано Вал д'Арда Via Bersani, тел. 0523.891026
Монтичели д'Онѓина Via Galimberti, тел. 0523.815917

### Советувалишта посветени на жената и здравјето во Вал Тидоне

Сан Николо' Via Curiel тел. 0523.768509
Кастел Сан Џовани Via 1.maggio тел. 0523.880552
Боргоново Вал Тидоне Via Seminò, 20 кај Болницата тел. 0523.846221
Агацано Piazza Europa тел. 0523.975422
Пјанело Вал Тидоне Via ss.Liberata e Faustina тел. 0523.998865

# ПОСВЕТЕНО НА ДЕЦАТА

Брзата педијатријска помош во Болницата, на Полихирургија, Ц блок, I I I спрат Пациентите можат да се јават директно на Брзата педијатријска помош во Болницата на Пјаченца во секое време. Наменета е за деца со возраст до 18 години. тел. 0523.303375.

Амбуланта за вакцинирање на деца во Пјаченца
Corso Vittorio Emanuelle II, n.169, B skala, II спрат тел. 0523.358795
Средби се закажуваат: во понеделник, вторник, среда и петок од 08.45 ч. до 11.30 ч., во четврток од 15.00 ч. до 17.00 ч. и во сабота од 08.45 ч. до 11.00 ч.Телефонскиот број за закажување на средби е 0523.302795 секој ден од 12.00 ч. до 13.30 ч. со исклучок на четврток.

Советувалиште за деца - странци во Пјаченца
Corso Vittorio Emanuelle II, n.169 тел. 0523.358795
Амбуланта за вакцинирање на деца во Фиоренцуола д'Арда
тел. 0523.987205
Амбуланта за вакцинирање на деца во Бобио
тел. 0523.962239
Амбуланта за вакцинирање на деца во Кастел Сан Џовани
тел. 0523.880550

Потребни информации на родителите кои треба да го пријават раѓањето на сопственото дете и соодветните формулари за пријавување на раѓањето можат да се најдат во Канцеларијата за односи со јавноста (во Болницата, на I спрат, на Полихирургија во Пјаченца). тел. 0523.303123

Простор за млади во Пјаченца

Претставува место за средба на младите, кадешто со помош на оператори-одговорни асистенти може да се добијат потребни информации во врска со сексуалноста,љубов и чувства,независност, полови заразни болести. Постои можност за организирање на средби за продлабочување на тематски целини за млади на возраст од 14 до 25 години и прави истражувања за запознавање на младата пјачентинска јавност. Распоред на работа: вторник и петок од 15.30 ч. до 19.00 ч. на Via Taverna, n. 37 (palazzo Morigi).

## Советувалиште за млади во Пјаченца

Советувалиштето за млади е бесплатна услуга наменета на млади со возраст од 14 до 20 години. Како активности постојат: здравствено воспитување, психолошки консултации, гинеколошки советувања, клинички активности и психотерапија. Советувалиштето за млади е отворено во вторник од 14.30 ч. до 17.00 ч. во Galleria del Sole, n. 51 во Трговскиот центар Farnesiana тел. 0523.592258